СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ОБЛАСТА
НА КУЛТУРАТА И УМЕТНОСТА

К О Н К У Р С
за учество во финансирање проекти
за манифестацијата
„Нов културен бран“
во 2019 година


Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3240 553
+389 2 3240 554
+389 2 3240 548

www. kultura.gov.mk


# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

# ПРИЈАВА ЗА МАНИФЕСТАЦИЈАТА „НОВ КУЛТУРЕН БРАН“ ВО 2019 ГОДИНА

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ И КОМПЛЕТИРАЊЕ НА ПРИЈАВАТА

1. Пријавувањето се врши со доставување уредно пополнета пријава, која треба да се преземе од веб-локацијата на Министерството за култура (www.kultura.gov.mk) и да се пополни електронски со впишување податоци на означеното место.

2. Пријавата може да се достави до Министерството за култура по пошта на адреса: ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје, или во писарницата на Министерството за култура најдоцна до 16:00 часот на последниот ден од Конкурсот.

3. Кон пријавата, учесниците на Конкурсот **задолжително** треба да достават:
– Изјава или преддоговор со авторите/изведувачите или со правните/физичките субјекти вклучени во проектите
– За активности кои се организираат со заедничка соработка на два или повеќе апликанти или неформални групи и поединци треба да се назначи кој е носителот на проектот
– За правните лица – Тековна состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, не постара од 6 месеци, со шифра на приоритетна дејност од областа на културата или од општ интерес
– Изјави од носителот и од сите други предвидени учесници (уметници) дека не се вклучени во друг проект од овој конкурс
– Изјава од носителот на проектот во која се заложува дека проектот нема да шири говор на омраза меѓу заедниците, нема да поттикне насилство или каква било друга дискриминација

4. Процент на учество
Процентот на учество на Министерството за култура во финансирањето на проектите е во согласност со средствата предвидени за Конкурсот во Буџетот на Република Македонија за 2019 година и бодирањето на конкурсната комисија од областа.
IV.1. Бодирање на проектите (максимум 100 бода):
– Место на реализација (опционално):

| | |
|---|---|
| – Североисточен Регион | – 10 бода |
| – Источен Регион | – 9 бода |
| – Вардарски Регион | – 8 бода |
| – Полошки Регион | – 7 бода |
| – Југозападен Регион | – 6 бода |
| – Пелагониски Регион | – 5 бода |
| – Југоисточен Регион | – 4 бода |
| – Скопски Регион | – 3 бода |

*бодовите за региони се распределени според развојниот и економско-социјалниот индекс
– Опис на проектот – квалитетна, сеопфатна и разновидна програмска содржина – до 30 бода (опционално)
– Очекувани резултати – влијанието на одржувањето на проектот во општеството – до 30 бода (опционално)
– Буџет на проектот – оправдани трошоци со понуди, преддоговори, договори, изјави и сл. – до 30 бода (опционално)
**Министерството за култура нема да признава трошоци за сместување, патни трошоци, трошоци за храна, кетеринг и сл.**
Максималниот износ на учеството на Министерството за култура ќе биде 600 000 денари.

5. Право на учество на Конкурсот имаат здруженија на граѓани, асоцијации, неформални групи и автори од областа на културата и уметноста.

6. Приоритет при одлучувањето на Конкурсот ќе имаат учесниците на Конкурсот кои ќе доставаат квалитетна, сеопфатна и разновидна програмска содржина која по својот карактер ќе ги одразува духот на партиципативноста и демократските вредности на едно современо општество. Предност, исто така, ќе имаат носители на проекти кои не биле финансирани во рамките на Годишната програма од национален интерес од областа на културата за 2019 година или, пак, ги завршиле проектите со сите фази.

7. Нема да бидат разгледувани пријавите:
- доставени по истекот на рокот на Конкурсот;
- доставени по електронска пошта;
- пополнети на несоодветен образец;
- кои се нецелосно пополнети;
- кои не се комплетирани со документацијата што задолжително се бара;
- за проекти кои ќе се одвиваат надвор од утврдениот рок.

**Министерството нема да поддржува проекти кои прикажуваат дискриминација по која било основа.**

8. Материјалите доставени на Конкурсот не се враќаат.

9. Дополнителни информации во врска со Конкурсот може да се добијат во Секторот за дејности од областа на културата и уметноста кај: Хајрие Сопи на тел. бр. 02/3240 553, Марија Џунова на тел. бр. 02/3240 554 и Бесим Ибрахими на тел. бр. 02/3240 548, секој работен ден од 9:00 до 12:00 часот.

**П Р И Ј А В А**
**за манифестацијата „Нов културен бран“ во 2019 година**

**ОПШТ ДЕЛ**

| | |
|---|---|
| **1. Носител на проектот** | |
| Адреса | |
| Телефон/факс/ е-адреса | |
| **2. Лице одговорно за реализација на проектот** | |
| Име и презиме | |
| Телефон/факс/ е-адреса | |
| **3. Наслов на проектот** | |
| **4. Место на реализација**<br>(Се заокружува регионот, во празниот простор се пишува градот, односно населеното место планирано за реализација на проектот. За проектите кои се планирани за повеќе региони или населени места, треба да се заокружат сите региони планирани за активности и тоа да се образложи во делот на описот или да се наведе кој регион е приоритет.) | **Регион**<br>**А) Североисточен,**____________________<br>**Б) Источен,** ___________________________<br>**В) Вардарски,** _________________________<br>**Г) Полошки,** ___________________________<br>**Д) Југозападен,** _______________________<br>**Ѓ) Пелагониски,**______________________<br>**Е) Југоисточен,** _______________________<br>**Ж) Скопски,** __________________________ |
| **5. Опис на проектот** | |
| **6. Наведете ги програмските активности и потребниот поединечен и бруто-износ за реализација на проектот** | **потребни средства** |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| **Вкупно** | |

**ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА**

**СТРУКТУРА НА ПРИХОДИТЕ**

| | |
|---|---|
| **Побарани средства од Министерството за култура** | |
| **Други извори на финансирање** | |
| Локална самоуправа | |
| Сопствено | |
| Спонзори | |
| Фондации | |
| Друго | |
| **Вкупно приходи** | |

**ЦЕЛИ И ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ ОД РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ**

| |
|---|
| Во кратки црти да се дефинираат очекуваните ефекти од реализацијата на проектот. |

Потпис и печат на
учесникот на Конкурсот

Во ________________, __________година

______________________________